**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 септември 2019 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: втор квартал 2019 година

На крајот на вториот квартал од 2019 година **бруто надворешниот долг** изнесува 8.324 милиони евра и забележа квартално зголемување од 74 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** забележаа раст од 54 милиони евра и изнесуваат 5.652 милиона евра. Поголемото квартално зголемување на обврските во однос на побарувањата доведе до зголемување на **нето надворешниот долг** за 21 милион евра, со што на крајот на јуни 2019 година тој изнесува 2.672 милиона евра. Притоа, зголемувањето на нето надворешниот долг во вториот квартал произлегува од зголемувањето на приватниот нето-долг за 77 милиони евра, во услови на намалување на јавниот нето-долг за 57 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција[1],** на крајот на јуни 2019 година, изнесува 6.264 милиони евра, или 55,5% од проектираниот БДП за 2019 година. Најголемиот дел (или 85%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 78% се врз основа на сопственички капитал.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| ` | 31.12.2018 | | 31.03.2019 | | 30.06.2019 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,843.7** | **73.1** | **8,249.7** | **73.0** | **8,324.1** | **73.7** | **74.4** | **0.9** | **0.7** | **480.4** | **6.1** | **0.6** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7,843.7** | **73.1** | **7,951.7** | **70.4** | **8,069.1** | **71.4** | **117.5** | **1.5** | **1.0** | **225.4** | **2.9** | **-1.6** |
| Долгорочен долг | 5,823.8 | 54.3 | 5,899.1 | 52.2 | 5,948.7 | 52.7 | 49.6 | 0.8 | 0.4 | 124.9 | 2.1 | -1.6 |
| Краткорочен долг | 2,019.9 | 18.8 | 2,350.5 | 20.8 | 2,375.4 | 21.0 | 24.8 | 1.1 | 0.2 | 355.5 | 17.6 | 2.2 |
| Јавен долг | 3,756.2 | 35.0 | 4,095.2 | 36.3 | 4,035.1 | 35.7 | -60.1 | -1.5 | -0.5 | 278.9 | 7.4 | 0.7 |
| Приватен долг | 4,087.5 | 38.1 | 4,154.5 | 36.8 | 4,289.0 | 38.0 | 134.5 | 3.2 | 1.2 | 201.5 | 4.9 | -0.1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **5,242.7** | **48.8** | **5,598.3** | **49.6** | **5,652.0** | **50.0** | **53.6** | **1.0** | **0.5** | **409.2** | **7.8** | **1.2** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | **5,242.7** | **48.8** | **5,299.2** | **46.9** | **5,397.4** | **47.8** | **98.2** | **1.9** | **0.9** | **154.7** | **2.9** | **-1.0** |
| **Нето надворешен долг** | **2,601.0** | **24.2** | **2,651.4** | **23.5** | **2,672.1** | **23.7** | **20.8** | **0.8** | **0.2** | **71.2** | **2.7** | **-0.6** |
| **МИП, нето** | **-6,039.5** | **-56.3** | **-6,225.7** | **-55.1** | **-6,264.4** | **-55.5** | **-38.7** | **0.6** | **-0.3** | **-225.0** | **3.7** | **0.8** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2018 година е проценет (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, второ тримесечје од 2019 година" од 06.09.2019 година). Податокот за 2019 година е проекција на НБРСМ.

Извор: НБРСМ, ДЗС.

---

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

## *Бруто надворешен долг*

На крајот на јуни 2019 година, **бруто надворешниот долг** изнесува 8.324 милиони евра (или 73,7% од БДП) и бележи квартално зголемување од 74 милиони евра (или за 0,9%). Доколку од долгот се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[2], кварталното зголемување на бруто-долгот изнесува 117 милиони евра. Оваа квартална промена произлегува од приватниот надворешен долг којшто бележи квартално зголемување од 135 милиони евра, главно заради зголемениот долг на небанкарскиот приватен сектор и заемите меѓу поврзани субјекти, коишто објаснуваат 89% од кварталната промена. Од друга страна, во овој квартал јавниот долг (без специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка) е намален за 17 милиони евра главно како резултат на намалениот долг на секторот „држава" (за 9 милиони евра) и јавните банки и јавните претпријатија (за 7 милиони евра).







Извор: НБРСМ.

Во споредба со крајот на 2018 година, бруто надворешниот долг е повисок за 480 милиони евра, или за 6,1%. Притоа, во првата половина од 2019 година, долгот со исклучен ефект од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка е зголемен за 255 милиони евра. Остварениот раст е резултат на зголемувањето на приватниот (за 201 милион евра) и на јавниот надворешен долг (за 24 милиони евра). Растот на приватниот долг се објаснува со зголемените обврски на капитално поврзаните субјекти (за 86 милиони евра), небанкарскиот приватен сектор (за 66 милиони евра) и приватните банки (за 50 милиони евра). Истовремено, растот на јавниот долг произлегува од зголемените обврски на јавните банки и јавните претпријатија (за 33 милиони евра) наспроти намалените обврски на секторот „држава" (за 10 милиони евра).

[2] Се однесува на репо-активностите на НБРСМ. При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРСМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на јуни 2019 година, изнесуваат 5.652 милиона евра (50% од БДП) и остварија квартално зголемување од 54 милиони евра (или за 1%). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се повисоки за 98 милиони евра, во услови на зголемување на приватните и јавните побарувања (за 57 и 41 милион евра, соодветно).

Во споредба со крајот на претходната година, надворешните побарувања се повисоки за 409 милиони евра. Без ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка, бруто надворешните побарувања се зголемени за 155 милиони евра како резултат на зголемените приватни и јавни побарувања (за 121 и 34 милиони евра, соодветно). Растот на јавните побарувања е одраз на порастот на официјалните девизни резерви кај централната банка, додека растот на приватните побарувања се објаснува со зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 254 милиони евра) при намалени побарувања на депозитните институции (за 95 милиони евра) и останатите сектори (за 37 милиона евра).







Извор: НБРСМ.

## Нето надворешен долг

На крајот на вториот квартал од 2019 година нето надворешниот долг изнесува 2.672 милиони евра (23,7% од БДП). Во услови на поголемо квартално зголемување на бруто надворешниот долг во однос на бруто надворешните побарувања, нето надворешниот долг на земјата во вториот квартал од 2019 година е зголемен за 21 милион евра, или за 0,8%. Притоа, нето приватниот долг бележи зголемување (за 77 милиони евра), додека нето јавниот долг се намали (за 57 милиони евра).

Во однос на крајот на 2018 година, нето надворешниот долг е зголемен за 71 милион евра (или 2,7%), при зголемување на нето приватниот долг (за 80 милиони евра) и намалување на нето јавниот долг (за 9 милиони евра). Притоа, и натаму долгот на приватниот сектор има поголемо учество во вкупниот нето-долг (58%).







Извор: НБРСМ.

## Меѓународна инвестициска позиција, нето

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) во текот на вториот квартал од 2019 година е зголемена за 39 милиони евра и изнесува 6.264 милиони евра, што претставува 55,5% од проектираниот БДП за 2019 година.

Кварталното зголемување на негативната нето МИП произлегува од поголемото зголемување на обврските (за 133 милиони евра), во споредба со зголемувањето на средствата (за 94 милиони евра). Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат зголемување за 21 милион евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се зголемени за 18 милиони евра, во најголем дел во форма на директни инвестиции.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Во споредба со крајот на претходната година, негативната МИП, нето, е зголемена за 225 милиони евра, како резултат на растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 154 милиони евра) и должнички инструменти (за 71 милион евра). Растот на нето-обврските кај сопственичките инструменти во првата половина од годината исто така произлегува од нето-обврските врз основа на директните инвестиции.

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.4 2018 | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | **3,258.4** | **4,113.2** | **4,257.5** | **4,082.5** | **4,634.0** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,835.1** | **6,105.6** | **6,156.4** | **5,913.6** | **6,302.2** | **6,396.2** |
| Директни инвестиции | 333.6 | 393.6 | 533.6 | 617.8 | 475.6 | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 1,021.2 | 1,083.9 | 1,125.3 | 896.2 | 1,074.6 | 1,163.6 |
| Портфолио инвестиции | 25.9 | 45.5 | 63.1 | 107.7 | 155.0 | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 310.4 | 337.2 | 345.1 | 321.2 | 341.1 | 366.2 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 1.2 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.9 | 2.9 | 2.9 | 2.8 |
| Валути и депозити | 555.1 | 588.2 | 537.0 | 540.0 | 623.6 | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 668.8 | 675.9 | 683.7 | 694.0 | 674.6 | 591.0 |
| Заеми | 86.3 | 320.1 | 246.4 | 91.3 | 98.2 | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 348.5 | 349.8 | 312.7 | 74.5 | 375.1 | 338.2 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 543.0 | 696.9 | 684.1 | 730.3 | 842.7 | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 906.1 | 1,013.7 | 977.4 | 1,057.2 | 966.8 | 1,006.0 |
| Останати сметки за наплата | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.4 | 0.5 | 0.5 | 0.2 |
| Девизни резерви | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,577.1 | 2,642.2 | 2,709.1 | 2,867.1 | 2,866.4 | 2,928.2 |
| | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Обврски** | **6,887.9** | **8,079.0** | **8,435.1** | **8,640.8** | **9,183.0** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,953.1** | **12,248.9** | **12,350.1** | **11,953.0** | **12,528.0** | **12,660.6** |
| Директни инвестиции | 3,514.8 | 3,914.4 | 4,146.8 | 4,485.7 | 4,378.3 | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 5,915.3 | 6,133.3 | 6,250.9 | 6,141.3 | 6,348.2 | 6,461.5 |
| Портфолио инвестиции | 398.6 | 324.7 | 408.3 | 253.2 | 776.6 | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,891.8 | 1,876.2 | 1,838.7 | 1,813.2 | 1,821.6 | 1,826.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 4.1 | 4.4 | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 2.7 | 3.2 | 3.7 | 4.2 | 4.2 | 4.2 |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 191.8 | 192.7 | 191.8 | 206.2 | 208.7 | 221.5 |
| Заеми | 2,028.5 | 2,785.9 | 2,771.8 | 2,883.1 | 3,024.4 | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 3,070.9 | 3,159.2 | 3,159.8 | 2,883.4 | 3,215.0 | 3,194.6 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 673.8 | 841.7 | 832.8 | 773.2 | 763.4 | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 803.0 | 805.0 | 825.9 | 824.8 | 849.1 | 872.2 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 77.5 | 79.2 | 79.2 | 79.8 | 81.2 | 80.2 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ.

## ***Ревизии на податоци***

Податоците за 2018 година објавени во ова соопштение ги содржат промените коишто произлегуваат од редовната годишна ревизија за 2018 година. Подетални информации за ефектот од годишната ревизија врз бруто надворешниот долг, бруто надворешните побарувања и МИП за 2018 година се расположливи во соопштението за печат: Ревизија на податоците во екстерната статистика за 2017 и 2018 година. Исто така, промените на податоците за периодот јануари - март 2019 година, но во помал обем, произлегуваат и од подобриот опфат на податоците кај заемите и трговските кредити и аванси. Од аспект на насоката на промените, во првиот квартал на 2019 година, ревизиите главно се одразуваат на намалување на **бруто надворешниот долг** (за 54,6 милиони евра), како и намалување на **бруто надворешните побарувања** (за 18,7 милиони евра). Следствено, овие промени се одразија на намалување на нето надворешниот долг (за 35,9 милиони евра). Промената кај **меѓународната инвестициска позиција, нето,** во првиот квартал од 2019 година се однесува на зголемување на негативната МИП за 104 милиони евра.

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-nd.nspx

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/ns-newsarticle-podatoci-mip.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 31 декември 2019 година (референтен пресек заклучно со септември 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).